**З А П И С Н И К**
**од Педесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.2.2018 година**

**Скопје, февруари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.2.2018 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев. заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљиј, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство,
д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Амбасадорот на Европската Унија и шеф на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е. г-дин Самуел Жбогар, Драган Тилев, државен советник во Секретаријатот за европски прашања, Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи и Игор Трајановски, заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.
Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членот на Владата на Република Македонија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 45-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.12.2017 година

- Усвојување на Записникот од 48-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.1.2018 година

- Усвојување на Записникот од 49-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.1.2018 година

- Усвојување на Записникот од 51-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.1.2018 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - Ажуриран придонес кон Извештајот на Европската комисија за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија, за периодот ноември 2017 година - јануари 2018 година, со прилози
    - План 3-6-9 (статус 5.2.2018 година)

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

  - Информација за Инструментот - Инвестициска рамка за Западен Балкан
  - Информација за отворени прашања во однос на ИНТЕРРЕГ - ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020 кои се однесуваат на обезбедување на националното ко-финансирање

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

  - Информација за плановите на Министерството за одбрана за понатамошен развој и промоција на армискиот полигон Криволак како меѓународен полигон за обука и извежбување

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година, со Предлог-одлука
2. Финансиски план за 2018 година и Годишна програма за работа за 2018 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за 2018 година, со дополнување

3. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за 2018 година, со Предлог-одлука

4. Предлог-акциски план за воспоставување на електронски систем за размена на потребната документација за потребите на даноците на имот и финансиското работење на општините, со дополнување

5. Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај од раководството на ЈП Македонска радиодифузија за финансиските извештаи за 2016 година, Извештај за работењето на ЈП Македонска радиодифузија за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година и Извештај од Независен ревизор за финансиските извештаи од 2016 година, со дополнување и Предлог-одлуки

6. Информација за реализација на Акциски план за воспоставување на организиран пазар на електрична енергија во Република Македонија

7. Информација за предусловите и прецизирање на барањата кои треба да ги исполни операторот за воспоставување на системот на управување со нус-производи од животинско потекло

8. Информација за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Македонија, за периодот од 1.1.2016 година до 25.12.2017 година, со Акциски план

9. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

10. Информација за потребата за спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на надзорен орган за вршење на технички, квалитативен и квантитативен надзор над изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга

11. Информација за потребата од спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на надзорен орган за вршење на технички, квалитативен и квантитативен надзор над изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Прилеп
12. Информација за потреба од спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Прилеп

13. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги Доган Отомотив ДОО увоз- извоз Скопје, како закупопримач, со усогласен текст на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште

14. Информација за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлуки

15. Информација за обезбедување на потребните количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за поплавите во Тетово и Скопје во 2016 година, со Предлог-одлука

16. Информација за потребата од воспоставување на единствениот комуникациско-информативен систем со единствениот европски број за итни повици Е-112 во Република Македонија

17. Предлог-уредба за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи

**б) Економски систем и тековна економска политика**

18. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија

19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија

20. Информација за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на Проектот интелигентен транспортен систем на патиштата, заклучно со 31.12.2017 година

21. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 308 на река Орешка на концесионерот РДЛ Соул Електрани ДОО Скопје

22. Предлог-национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година

23. Информација за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост на Исен Исени, Исни Синани, Камбер Синани и Хане Синани, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Долно Коњари, Општина Петровец, со Предлог-одлука

25. Информација во врска со реализираните и планираните активности за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд

**в) Политички систем**

26. Предлог-закот за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција

27. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договор меѓу Република Албанија, Република Австрија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Унгарија, Република Македонија, Република Молдова, Црна Гора, Романија, Република Србија и Република Словенија, за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила и Договор за негова имлементација, со Нацрт-текст на Договор и Нацрт-текст на Имплементациски договор, на македонски и англиски јазик

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

28. Информација за ревидиран Акциски план за вработување на млади 2016 - 2020 година, со Ревидиран Акциски план

29. Информација за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, Извештај за реализација на активности за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 и Матрица на активности за период 2013-2017 година

30. Информација со текст на Планот за имплементација на Гаранција за млади (прва фаза 2018 - 2019 година) и Акциски план за имплементација на Гаранција за млади (ГМ) во три пилот општини во 2018 година

31. Информација за текот на работата на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем

32. Информација по доставено Барање за одобрение за основање приватна установа за деца - Детска градинка „Алја“ - Тетово, со Предлог-одлука

33. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.29 бр.12 с. Сопиште-Скопје, КП 850/3 и КП 850/5 КО Сопиште - Општина Сопиште, со Предлог-одлука

34. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во с. Баница - Струмица, со Предлог-одлука

35. Информација за одржана средба помеѓу делегации на Република Македонија и Република Србија за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување

36. Информација за листа на органи во состав на министерства, јавни претпријатија, самостојни органи на државна управа основани од Владата на Република Македонија, самостојни органи на државна управа основани од Собранието на Република Македонија, правни лица со јавни овластувања, регулаторни тела основани од Собранието на Република Македонија, акционерски друштва во државна сопственост и единици на локална самоуправа коишто треба да ја објават листата со документи и акти на своите веб-страници

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

37. Предлог-одлука за формирање на Совет за управување со јавни финансии

38. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на средства како долгорочна позајмица на Општина Пробиштип

39. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

40. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

41. Предлог-одлука за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движна ствар на Општина Македонски Брод

**б) Политички систем**

42. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2018 година

43. Барање на Есер Џевахир, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

44. Барање на Мустафа Иршат Канџа, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

45. Барање на Букет Геречџи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

46. Барање на Дјуана Тенис Бонер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ - Скопје

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

50. Предлог-одлука за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“ - Скопје

51. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

52. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.147/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2015)

53. Решение на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.129/2016, донесено на седницата, одржана на 1 ноември 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 13 и член 20 став 1 точка „ѓ“ во делот „и (13)“ од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 72/2016 и 142/2016)

54. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.135/2016, донесено на седницата, одржана на 16 ноември 2017 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016)

55. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12477 за КО Сарај КП бр. 11432, викано место/улица Сарај

56. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 337 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3116 и КП бр. 3117 викано место/улица Главичица

**д) Други предлози**

57. Кадровски прашања

58. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

59. Програма за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2018 година

60. Информација за продажбата на акциите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви октомври до 31-ви декември 2017 година

61. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2018 година

62. Информација за текот и прогресот на активностите за уредување на плажи на брегот на Охридското, Дојранското и Преспанското Езеро во Република Македонија

63. Информација за текот и прогресот на активностите за изградба на пешачки патеки, хортикултурно уредување и осветлување на патеките околу езерата во Република Македонија

64. Информација за усогласеноста на законите со Законот за прекршоците, со Табеларен преглед

65. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за декември 2017 година

66. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2016 година

67. Информација за прогрес на активности во врска со реализација на проектот „Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии“, за период октомври-декември 2017 година

68. Информација за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот „Современа литература за секој студент“
69. Информација за текот и прогресот на активностите (октомври - декември 2017 година), во врска со проектот „Стимулација за упис на техничките факултети“

70. Информација за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2017 година

71. Информација за можноста за изменување на Законот за работните односи во насока на кратење или елиминирање на обврската за објава на оглас за вработување

72. Информација за изградба на центар за деца со аутизам во Скопје

73. Информација за изготвени извештаи за примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

74. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

75. Предлог-уредба за спроведување на постапката за вработување на административни службеници

76. Информација во врска со стекнување на степен на кариера на државните службеници

77. Информација за реализација на договор за јавно приватно партнерство (ЈПП) за хемодијализа во Македонија

78. Информација за досегашните активности за надминување на проблемот со канцеларискиот простор и депото на Државниот архив

79. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с. Драгоманце, Старо Нагоричане

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 45-та седница, одржана на 26.12.2017 година; 48-та седница, одржана на 9.1.2018 година, 49-та седница, одржана на 22.1.2018 година и 51-та седница, одржана на 26.1.2018 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  **- Ажуриран придонес кон Извештајот на Европската комисија за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија, за периодот ноември 2017 година - јануари 2018 година, со прилози**

Владата го разгледа Ажурираниот придонес кон Извештајот на Европската комисија за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија, за периодот ноември 2017 година - јануари 2018 година, со прилози и ги донесе следниве заклучоци:

1. Го утврди Ажурираниот придонес кон Извештајот на Европската комисија за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија, за периодот ноември 2017 година-јануари 2018 година, со прилозите кон истиот, со следново дополнување:

1.1 Во делот околу официјалната посета на генералниот секретар на НАТО на Република Македонија, покрај министерот за одбрана, да се дополнат и останатите носители на јавни функции кои имале средба со генералниот секретар на НАТО.

2. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, веднаш да го достави Ажурираниот придонес кон Извештајот на Европската комисија за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија, за периодот ноември 2017 година - јануари 2018 година, на англиски јазик, до Европската комисија.

*

*        *

На седницата на Владата се обрати Амбасадорот на Европската Унија и шеф на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е. г-дин Самуел Жбогар и притоа ја презентира Стратегијата на Европската Унија за Западен Балкан, истакнувајќи дека Република Македонија во последните неколку месеци бележи значителен прогрес. Меѓу другото, потенцираше дека проширувањето на Европската Унија е во интерес на самата Унија, поради економски, политички и безбедносни причини. Ја потврди волјата на Европската Унија и понатаму да инвестира во развојот на Република Македонија, преку проекти и преку европските фондови и направи краток осврт на клучни области на кои би требало Република Македонија да се фокусира во врска со ова прашање.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, се заблагодари за презентацијата и присуството на амбасадорот и ја потврди посветеноста на Владата во однос на реформските процеси поврзани со европската интеграција.

**- План 3-6-9 (статус 5.2.2018 година)**

Владата го разгледа Планот 3-6-9 (статус 5.2.2018 година) и согласно расправата на седницата констатира и заклучи:

1. Од вкупниот број на мерки содржани во Планот 3-6-9 се доцни во 24 мерки, што е 23% од Планот и тоа:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судови и Предлог-закон за изменување на Законот за Судскиот совет  - ќе се разгледаат на седница на Владата и ќе се утврдат до крај на февруари 2018 година, а потоа ќе се испратат на мислење на Венецијанската комисија;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите во делот на основите на дисциплинска одговорност и дисциплински мерки за судиите, како и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со цел подобрување на процесот на оценување на судиите и условите за избор на судии - ќе се

разгледаат на седница на Владата и ќе се утврдат до крај на февруари 2018 година, а потоа ќе се испратат на мислење на Венецијанската комисија;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци-извршена е консултација со Специјалното јавно обвинителство, а внесени се и измените од опозицијата, но истата повторно барала нови промени;

- Се доцни со донесување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи и Предлог-законот за бесплатна правна помош;

- Стратегија за информатичко комуникациска технологија во правосудството-Министерството за правда да ја достави и да се разгледа на наредната седница на Владата;

- Се доцни со назначување на Раководител на пробациската служба;

- Пренесување на надлежноста за здравствена заштита на затворениците од Министерството за правда во Министерството за здравство-Министерството за здравство треба да утврди околу тоа каков да биде буџетот и за 10 дена ќе се заврши постапката;

- Организирање на јавни трибини со претставници на граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, верските заедници, експертската и научната јавност со цел дефинирање и имплементирање на соодветни мерки за превенција од насилен екстремизам и борба против тероризам-во тек е изготвување на проект во соработка со Амбасадата на Обединетото Кралство и други меѓународни партнери за организирање на национални јавни консултации;

- Се доцни со избор на членови на Советот за јавни обвинители на Република Македонија;

- Продолжување на работата на работната група за реформи на Собранието, со цел постигнување прифатлив политички договор за измени во Деловникот и зајакнување на самостојните капацитети на Собранието-потребно е да се дефинира составот на работната група за реформи во Собранието;

- Етички кодекс за пратениците и за службата, согласно препораките на ГРЕКО-се чека на политички консензус за да биде формално изгласан;

- Се доцни со Стратегијата за реформа на јавна администрација 2018-2022 со Акциски план;

- Се доцни со Подготовка на план за кадровско зајакнување на Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал и Спроведување на обуки за вработените во Националниот координативен центар;

- Стратегијата за зајакнување на финансиските истраги и конфискација на имот, со Акциски план-Стратегијата е доставена до Влада и паралелно се работи и на Акцискиот план;

- Се доцни со донесување на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги и Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП македонска радиодифузија;

- Информирање на јавноста за спроведените истраги за заплашување и притисоци врз граѓанските организации-министерот на јавен настан извести дека истрагите се затворени, но тоа не е доволно;

- Дефинирање и усвојување на Нацрт-план за реформи за изборниот систем-потребно е Министерството за правда во рамки на воспоставената комуникација со интерресорското тело да го отвори прашањето за форматот најприфатлив на опозицијата за процесот на реформи на изборниот систем;

- Потпишување на Договор меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија-ФРОНТЕКС, План за спроведување на обука за членовите на Националната единица за криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, Формирање на мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и за жртви на трговија со луѓе, Усвојување на Законот за меѓународна и привремена заштита, Донесување Акциски план за Интегрирано гранично управување за 2018 година со мерки за развој на Интегрирано гранично управување, согласно евалуацијата на Националната стратегија за Интегрирано гранично управување (2015-2019)-Министерството за внатрешни работи да достави до Секретаријатот за европски прашања известување за статусот на овие мерки.

2. Се задолжуваат сите министерства да преземат активности во рамките на нивната надлежност за реализација на мерките содржани во Планот 3-6-9.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

**- Информација за Инструментот - Инвестициска рамка за Западен Балкан**

Владата ја разгледа Информацијата за Инструментот - Инвестициска рамка за Западен Балкан и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжувааат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за правда, Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање, комплетираните ревидирани обрасци да ги достават до Секретаријатот за европски прашања до 20 февруари 2018 година.

2. Се задолжувааат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, да одржат состаноци на секторските работни групи во полн состав каде ќе ги презентираат Нацрт-единствените секторски листи на проекти, до крајот на февруари 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во првата недела од март 2018 година да организира состанок на Националниот инвестициски комитет каде ќе се презентира комплетираната Единствена листа на проекти.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави Единствената листа на проекти усвоена од Владата на Република Македонија до Европска комисија, најдоцна до 15 март 2018 година.

5. Се задолжуваат ресорните министри во рок од пет дена до Секретаријатот за европски прашања да номинират по две лица кои ќе имаат пристап до МИС системот.
6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 20.2.2018 година да ја информира Владата за Апликацијата за Проект за техничка помош за пречистителна станица - Скопје, која ќе биде поднесена во рамки на 19 повик ВБИФ.

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да формира секторска работна група за дигитално поврзување, најдоцна до крајот на март 2018 година.

8. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ја разгледа можноста за подготовка на куса индикативна листа на Предлог-проекти за дигитално поврзување, најдоцна до крајот на март 2018 година.

- **Информација за отворени прашања во однос на ИНТЕРРЕГ - ИПА програмата за преку - гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014 - 2020 кои се однесуваат на обезбедување на националното ко - финансирање**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања во однос на ИНТЕРРЕГ - ИПА програмата за преку - гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014 - 2020 кои се однесуваат на обезбедување на националното ко - финансирање и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во најкус можен рок, но најдоцна до 7 февруари 2018 година, да достави писмено известување до Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија и до Извршната агенција за ревизија на фондовите од Европската Унија во Република Бугарија дека потребното ко - финансирање за соодветните проекти во рамките на ИНТЕРРЕГ - ИПА Програмата за преку - гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014 - 2020 година е платено.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа копија од писменото известување (од предлог заклучок број 1) истовремено да достави до Ревизорското тело за ИПА во Република Македонија и до Националниот ИПА координатор и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи.

3. Поради експлицитниот случај поттикнат од Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија и краткиот рок (за 1 ден) за доставување на писмено известување од Заклучокот бр.1, се задолжува Министерството за финансии предметите добиени од Министерството за локална самоуправа кои се однесуваат на исплата на национално ко-финансирање за проекти во рамки на ИПА програмите за преку - гранична соработка да ги зема како предмети со приоритетна важност.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

**- Информација за плановите на Министерството за одбрана за понатамошен развој и промоција на армискиот полигон Криволак како меѓународен полигон за обука и извежбување**

Владата ја разгледа Информацијата за плановите на Министерството за одбрана за понатамошен развој и промоција на армискиот полигон Криволак како меѓународен полигон за обука и извежбување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 15.2.2018 година, во соработка со надлежните претставници на САД и НАТО, да ги преземе потребните мерки за пријавување и подготовка на АП Криволак како дел од вежбата Saber Guardian 19.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 1.3.2018 година, во соработка со надлежните претставници на САД, да ги преземе потребните мерки за користење на АП Криволак за извежбување на силите на САД од составот на КФОР.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и по потреба и со други надлежни министерства и институции во Република Македонија, најдоцна до 1.6.2018 година, да оствари целосен увид во состојбите на АП Криволак и да предложи динамички план за регулирање на сите доверителски односи со фирмите, претпријатијата и заедниците кои користат простор на територијата на АП Криволак.

4. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање и по потреба и со други надлежни министерства и институции во Република Македонија и надлежните претставници на САД, најдоцна до 1.9.2018 година, да ги идентификува сите отворени нормативно - правни прашања за понатамошно користење на АП Криволак од страна на странски сили за обука и извежбување (дефинирање на стандардите и политиките за оружјата и опремата која може да се користи и заштитата на животната средина, условите и цените за користење на полигонот и слично) и да предложи мерки за регулирање на истите во согласност со позитивните законски норми во Република Македонија, како и ратификуваните меѓународни договори и преземените обврски од страна на Република Македонија.

5. Се задолжува Министерството за одбрана да ја информира Владата за преземените мерки во врска со понатамошниот развој и промоција на АП Криволак како меѓународен полигон за обука и извежбување, најдоцна до 15.9.2018 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по новиот текст на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата се информираше со Финансискиот план за тековно работење на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година.

## Точка 2

Владата по Финансискиот план за 2018 година и Годишната програма за работа за 2018 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за 2018 година, со дополнување заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2018 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во предложениот текст.

2. Ја разгледа Годишната програма за работа на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за 2018 година, со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 3

Владата по новиот текст на Програмата за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за 2018 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го симна од Дневен ред Предлог-акцискиот план за воспоставување на електронски систем за размена на потребната документација за потребите на даноците на имот и финансиското работење на општините, со дополнувањето, поради потребата да се извршат дополнителни усогласувања и координација меѓу Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, со цел изнаоѓање на соодветно решение во врска со овој проект.

## Точка 5

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот од раководството на ЈП Македонска радиодифузија за финансиските извештаи за 2016 година, Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година и Извештајот од Независен ревизор за финансиските извештаи од 2016 година, со дополнување и Предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2016 година на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје, во предложениот текст,

2. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје во период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, во предложениот текст и

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје во 2016 година, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на Акциски план за воспоставување на организиран пазар на електрична енергија во Република Македонија, ја усвои Информацијата и му укажа на АД МЕПСО да ја информира Владата за текот и прогресот на реализацијата на Акцискиот план за воспоставување на организиран пазар на електрична енергија во Република Македонија, најдоцна во рок од 90 дена по донесувањето на новиот Закон за енергетика.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за предусловите и прецизирање на барањата кои треба да ги исполни операторот за воспоставување на системот на управување со нус-производи од животинско потекло и ја усвои со следните нови заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство, да изберат, односно предложат локација за изградба на централната единица, од претставените локации наведени во Информацијата и за истата да ја известат Владата, најдоцна до крајот на март 2018 година.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да достави ургентна TAIEX апликација за ревизија и детална пресметка за системот на управување со нус-производите од животинско потекло со техничка спецификација до крајот на јануари 2018 година и за тоа да ја извести Владата до крајот на март 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во својство на НИПАК, да ја извести Владата за можноста за обезбедување на финансиски средства од ЕУ фондовите за реализација на системот за нус-производи, најдоцна до крајот на март 2018 година.

4. Се задолжува Министерството за економија да предложи модели за концесионирање во однос на регулирање на сопственоста на системот за нус-прозводи и за тоа да ја извести Владата, најдоцна до крајот на март 2018 година.

Исто така, Владата заклучи да се има предвид укажувањето во мислењето на Министерството за финансии, согласно кое Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Секретаријатот за законодавство, да најде начин финансирањето на системот за управување со нус-производи да се одвива преку ИПА програмите.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Македонија, за периодот од 1.1.2016 година до 25.12.2017 година, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план на активности за укинување на вакцинацијата на класична чума кај свињите.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, да ја следи реализацијата на Акцискиот план на активности за укинување на вакцинацијата на класична чума кај свињите и на секои шест месеци да ја известува Владата за текот и прогресот во врска со ова прашање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, согласно кое средствата за реализација на Акцискиот план да бидат обезбедени преку ИПАРД програмите и во рамки на средствата одобрени со годишните програми за здравствена заштита на животните.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, во предложениот текст.

Истовремено, средствата за реализација на активностите да бидат обезбедени во рамките на годишните програми за здравствена заштита на животните, согласно укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на надзорен орган за вршење на технички, квалитативен и квантитативен надзор над изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга, ја усвои Информацијата и го одобри склучувањето на повеќегодишен Договор за јавна набавка за избор на надзорен орган за вршење на технички, квалитативен и квантитативен надзор над изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на надзорен орган за вршење на технички, квалитативен и квантитативен надзор над изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Прилеп, ја усвои Информацијата и одобри склучување на повеќегодишен Договор за јавна набавка за избор на надзорен орган за вршење на технички, квалитативен и квантитативен надзор над изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Прилеп.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Прилеп, ја усвои и го одобри склучувањето на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Прилеп.

**Точка 13**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги ДОГАН ОТОМОТИВ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупопримач, со усогласен текст на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште (нов текст) и ги донесе:

1. Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги ДОГАН ОТОМОТИВ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупопримач, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје, со дополнување и нов текст на Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година,

2. Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година,

3. Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година и

4. Одлуката за распределување на добивка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година, во предложените текстови.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда да ја разгледа ситуацијата во Друштвото за производство, промет и услуги „Препород“ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за производство, промет и услуги „Економија Идризово“ ДООЕЛ, да предложи можни решенија за статусот и надминувањето на проблемите на овие две стопански единици и за ова да ја информира Владата, во рок кој е прифатлив за Министерството за правда.

**Точка 15**

Владата по Информацијата за обезбедување на потребните количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за поплавите во Тетово и Скопје во 2016 година, со Предлог-одлука, заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, да извршат ревизија во Дирекцијата за заштита и спасување:

- во однос на договорите кои Дирекцијата за заштита и спасување ги склучила со фирмите за ангажирање на механизацијата, односно начинот на кој биле подмирени побарувањата и обврските кон фирмите;

- во однос на искористеноста на веќе доделените количини на нафта и нафтени деривати, со одлуки донесени од Владата, за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, односно на вкупната количина на дизел гориво, која Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ја отстапила на Дирекцијата за заштита и спасување.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од воспоставување на единствениот комуникациско-информативен систем со единствениот европски број за итни повици Е-112 во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Центарот за управување со кризи и Надзорниот одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112, да подготват и до Владата да достават информација за организацијата и функционирањето на Е-112 во Република Македонија, согласно добиените мислења од изработената нова Ревизија (2016 година) на Физибилити студијата за системот за итни повици Е-112 на Република Македонија, изработена во 2009 година, најдоцна до 28 февруари 2018 година.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи и Надзорниот одбор, на секои шест месеци да ја информираат Владата за сите започнати, преземени и завршени задачи, за изработената техничка документација и за постигнатиот напредок во воведувањето во употреба на европскиот број за итни повици Е-112 во Република Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Центарот за управување со кризи, да одржи координативен состанок со Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања, Дирекцијата за заштита и спасување и други надлежни институции, со цел да се изнајде начин за обезбедување финансиски средства потребни за реализација на предвидените активности содржани во Предлог-заклучоците број 3, 4 и 5, откако претходно ќе се обезбедат алтернативи и начини на финансирање, за што да подготви информација и да ја достави за наредната седница на Владата.

## Точка 17

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија, Мустафа Мандал, директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија (нов текст) и  го утврди со следните заклучоци:

1. Членот 1 од Предлог-законот да се измени во смисла рокот за доставување на усвоените тримесечни извештаи на јавните претпријатија  до основачот наместо 15 дена по истекот на тримесечјето да биде 20 дена, а обврската на јавните претпријатија за негово објавување на својата веб-страница наместо за 10 дена да биде 30 дена по истекот на тримесечјето.

2. Пречистениот текст на  Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија соодветно на изменувањата на овој закон да достави до Владата, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва во однос на објавувањето на тримесечните извештаи, кои содржат показатели за финансиското работење на акционерските друштва во државна сопственост на нивните веб-страници.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на Проектот интелигентен транспортен систем на патиштата, заклучно со 31.12.2017 година (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски, да подготви и во втората половина на јуни 2018 година, до Владата да достави нова информација за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на Проектот интелигентен транспортен систем на патиштата.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 308 на река Орешка на концесионерот РДЛ Соул Електрани ДОО Скопје (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи анекс на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мала хидроелектрична централа на локацијата со реден број 308 на река Орешка со концесионерот РДЛ Соул Електрани ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 5.11.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот РДЛ Соул Електрани ДОО Скопје, до денот на потпишување на анекс на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мала хидроелектрична централа за локацијата со реден број 308, да достави анекс кон Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот со важност најмалку до 4.1.2020 година.

**Точка 22**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година за наредната седница на Владата.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост на Исен Исени, Исни Синани, Камбер Синани и Хане Синани, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Согласно Мислењето на Државното правобранителство на Република Македонија, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги обезбеди и до Државното правобранителство на Република Македонија да ги достави како дополнителни докази и соодветните геодетски елаборати и имотни листови за гранични парцели со КП.583, преку кои би се утврдил фактот дали имотот кој се бара во размена граничи со имот нивна сопственост, за да се исполнат предвидените услови од член 16 ставови 1 и 2 од Законот за земјоделско земјиште.

2. Се укажува на Државното правобранителство на Република Македонија, по добивање на геодетските елаборати и имотни листови наведени во заклучокот број 1, да подготви и до

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави ново мислење по материјалот.

Оваа точка, повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, откако ќе се исполнат задолженијата наведени во заклучоците број 1 и 2.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Долно Коњари, Општина Петровец, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Долно Коњари, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализираните и планираните активности за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од 30 дена да формира работна група која ќе пристапи кон изработка на потребна документација за добивање поддршка од Зелениот климатски фонд, во која ќе членуваат претставници на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економските прашања и за координација со економски ресори, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Сектор за правни и други стручни работи и Сектор за финансиски прашања, а по потреба и други засегнати институции.

2. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Сектор за правни и други стручни работи и Сектор за финансиски прашања во рок од 15 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економските прашања и за координација со економски ресори да достават номинација на свои претставници во работната група.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја информира Владата во врска со реализираните и планираните активности за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд, најдоцна до 30.3.2018 година, а по потреба и порано.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Наташа Декоска, директор во Министерството за надворешни работи и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 27

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договор меѓу Република Албанија, Република Австрија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Унгарија, Република Македонија, Република Молдова, Црна Гора, Романија, Република Србија и Република Словенија, за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила и Договор за негова имлементација, со Нацрт-текст на Договор и Нацрт-текст на Имплементациски договор, на македонски и англиски јазик (нов текст) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Владата го разгледа и го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Република Албанија, Република Австрија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Унгарија, Република Македонија, Република Молдова, Црна Гора, Романија, Република Србија и Република Словенија за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, како и Нацрт- текстот на Имплементацискиот договор, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Македонија, при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договорот меѓу Република Албанија, Република Австрија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Унгарија, Република Македонија, Република Молдова, Црна Гора, Романија, Република Србија и Република Словенија за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, со Нацрт-текст на Договор и Нацрт-текст на Имплементациски договор.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Република Албанија, Република Австрија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Унгарија, Република Македонија, Република Молдова, Црна Гора, Романија, Република Србија и Република Словенија за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, како и текстот на Имплементацискиот договор, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата на Република Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласените односно парафираните текстови на договорите.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за ревидиран Акциски план за вработување на млади 2016 - 2020 година, со Ревидиран Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот Акциски план за вработување на млади 2016 - 2020 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, Извештај за реализација на активности за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 и Матрица на активности за период 2013-2017 година (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор да номинираат претставник кој активно ќе учествува во работењето на Националната оперативна група, а кој воедно ќе ја координира работата во областа на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во својата институција, во рок од 10 дена.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, а се укажува на Македонската платформа против сиромаштија и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија да се произнесат во однос на дадениот пресек во доставената матрица на активности за период 2013-2017, во рок од 10 дена.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за финансии, Државниот завод за статистика, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, а се укажува на Македонската платформа против сиромаштија и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија да ги одредат приоритетите во својата област кои би имале најголема улога во намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост и за истото да го известат Министерството за труд и социјална политика во рок од 10 дена.

4. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа да ги координира активностите на единиците на локалната самоуправа во насока на планирање на активности во насока на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и предвидување на соодветни финансиски средства за оваа намена и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да донесе решение за формирање на Национална оперативна група за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, во рок од 7 дена од добивањето на номинациите.

**Точка 30**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со текст на Планот за имплементација на Гаранција за млади (прва фаза 2018 - 2019 година) и Акциски план за имплементација на Гаранција за млади (ГМ) во три пилот општини во 2018 година, ја усвои Информацијата и го прифати најновиот текст на Планот за имплементација на Гаранција за млади (прва фаза 2018 - 2019 година).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на работата на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем, ја усвои Информацијата и ги задолжи сите органи на државна управа, а им укажа на сите институции кои немаат статус на орган на државна управа (од Листата со институции кои Министерството за труд и социјална политика во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ќе ја достави до Владата), да одговорат на барањата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за регулирање на податоците за стаж на осигурување и податоци за плати за нивните вработени, најдоцна до 1 септември 2018 година.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање приватна установа за деца - Детска градинка „Алја“ - Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Алја“ -Тетово, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.29 бр.12 с. Сопиште-Скопје, КП 850/3 и КП 850/5 КО Сопиште - Општина Сопиште, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во с. Баница - Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за одржана средба помеѓу делегации на Република Македонија и Република Србија за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии најдоцна до 31 март 2018 година да ја информираат Владата за начинот на исплата на остатокот на побарување на српскиот носител на осигурување.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика најдоцна до 30 јуни 2018 година да ја информира Владата за состојбата со повторно определување на пензиите.

3. Се препорачува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до 30.4.2018 година да ги преземе потребните активности за завршување на постапките во врска со повторно определување на пензиите.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за листа на органи во состав на министерства, јавни претпријатија, самостојни органи на државна управа основани од Владата на Република Македонија, самостојни органи на државна управа основани од Собранието на Република Македонија, правни лица со јавни овластувања, регулаторни тела основани од Собранието на Република Македонија, акционерски друштва во државна сопственост и единици на локална самоуправа коишто треба да ја објават листата со документи и акти на своите веб-страници и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Инспекцискиот совет, органите во состав на министерствата и самостојните органи на државна управа кои се содржани во Листата од Прилог 1, во рок од 15 дена да ги објават документите од Листата - Прилог 2, на своите веб-страници.

2. Се укажува на јавните претпријатија, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост, самостојните органи на државната управа основани од Собранието на Република Македонија и на регулаторните тела основани од Собранието на Република Македонија кои се содржани во Листата од Прилог 1, да ги објават документите од Листата - Прилог 2, на своите веб-страници.

3. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа кои се содржани во Листата од Прилог 1, да ги објават документите од Листата - Прилог 2, на своите веб-страници.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во кој ќе се обврзат сите органи на државната управа, да ги објавуваат на своите веб страници сите информации кои што се достапни до јавноста на принцип на активна транспарентност.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Совет за управување со јавни финансии (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства како долгорочна позајмица на Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движна ствар на Општина Македонски Брод, редакциски усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Есер Џевахир, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за политички систем, поради потребата Министерство за внатрешни работи да побара од барателот за прием во државјанство да ги прибави потребните документи за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на државјанство согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2005 и 161/2012).

**Точка 44**

Владата го разгледа Барањето на Мустафа Иршат Канџа, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерство за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 45**

Владата го разгледа Барањето на Букет Геречџи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз

основа на Мислењето на Министерство за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 46**

Владата го разгледа Барањето на Дјуана Тенис Бонер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењето на Агенцијата за млади и спорт, утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја симна од дневен ред Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје, поради тоа што одлука за престанок и за давање на трајно користење на истите движни ствари кои се предмет на оваа Предлог-одлука е донесена на Педесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 30.1.2018 година.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот ја повлече од Дневен ред Предлог-одлуката за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“ - Скопје, со заклучок истата да се разгледа на некоја од наредните седници на Владата, поради потребата Министерството за култура и Министерството за финансии да извршат усогласување во врска со обезбедувањето финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за основање на оваа установа.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Иницијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.147/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за архивски

материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2015) и притоа го утврди следното мислење.

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за измени и дополнувања на Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2015), според кој по членот 2 се додава нов член 3 кои гласи: „Одмерувањето на глобата ќе се врши согласно Законот за прекршоците“.

Со Иницијативата се оспорува уставноста на новиот член 3 од наведениот закон, со оглед дека во Законот за архивски материјал веќе постои член 3 („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012) и со истиот се уредува значењето на одредени поими утврдени во истиот закон.

Со оглед дека се работи за техничка грешка на цитираната одредба, па наместо да стои во членот 65-а по ставот (2) се додава нов став (3) кои гласи, наведено е дека по членот 2 се додава нов член 3 кој гласи, поради што оспорената одредба од тој аспект не би можела да се смета за противуставна.

Воедно укажуваме дека техничката грешка во наредниот период би требало да биде предмет на техничко-терминолошко усогласување.

Направената техничка грешка нема да допринесе, било кои од субјектите кои ги опфаќа Законот за архивски материјали да имаат било какви штетни последици.

Имајќи го предвид претходно наведеното Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на член 3 од Законот за измени и дополнувања на Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ 6р. 148/2015) е неоснована поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 53

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.129/2016, донесено на седницата, одржана на 1 ноември 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 13 и член 20 став 1 точка „ѓ“ во делот „и (13)“ од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 72/2016 и 142/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Според Решението донесено од Уставниот суд на Република Македонија, со оспорениот член 12 став (13) од Законот за нотаријатот, со кој се предвидува казна за неположување на стручниот испит, произлегувало дека неположувањето на стручниот испит за нотарите добива карактер на казниво дело, иако истото не било определено ниту како кривично дело, ниту како прекршок или како дисциплинска повреда на службена должност, како видови на казниви дела во постојниот правен поредок, пропишани со закон. Дополнително пропишаната казна била многу висока - 3000 евра во денарска противвредност. На нотарот кој нема да го положи стручниот испит, по плаќањето на казната, му се дава можност за повторно полагање на испитот. Според Уставниот суд на Република Македонија, услов за повторното полагање на стручниот испит е предходно плаќање на паричната казна.

Доколку нотарот не ја плати казната или повторно не го положи испитот, тоа е основ за негово разрешување согласно член 20 став (1) точка ѓ) од Законот за нотаријатот.

Во таква ситуација според Уставниот суд на Република Македонија, се поставувало прашањето дали неположувањето на стручниот испит на нотарот претставува општествено опасно дело за кое треба да се плати толку висока парична казна и дали таквата казна може да биде оправдан инструмент за зголемување и подобрување на квалитетот на работата на нотарите.

Судот смета дека неположувањето на испитот не може да добие квалификација на казниво дело, односно дека не станува збор за дејствие кое по својата природа е општествено опасно и кое треба да биде санкционирано со парична казна. Последица од неположувањето на испитот е разрешување на нотарот, а плаќањето на парична казна во таква ситуација немало оправдување и не можело да биде услов за стекнување на право за повторно полагање на стручниот испит, како услов за продолжување со вршењето на нотарската служба. Оттука, според судот наведеното законско решение е непропорционално со целта која сака да се постигне, нема основ ниту според видот, ниту според висината на пропишаната казна и ваквата регулатива води кон повреда на начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Исто така, Уставниот суд на Република Македонија смета дека оспорениот член 20 став (1) точка ѓ) во делот „и (13)“ од Законот за нотаријатот ја следи правната судбина на член 12 став (13) од Законот за нотаријатот, кое би значело повреда на начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, предвидени со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Согледувајќи го горе наведениот проблем како и другите проблеми на кои укажа примената на Законот за нотаријатот, на 3.8.2017 година, Владата на Република Македонија го задолжи Министерството за правда да подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, заради надминување на проблемите.

Министерството за правда постапи по Заклучокот на Владата на Република Македонија и веднаш пристапи кон изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, во чие подготвување активно учество како членови на работна група формирана од министерот за правда, имаа сите заинтересирани страни, односно Нотарската комора на Република Македонија, Адвокатската комора на Република Македонија, стопанските комори во Република Македонија, како претставници на стопанствениците во Република Македонија.

Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се предлага одредбите од член 12 став (13) и член 20 став (1) точка „ѓ“, во делот „и (13)“, за кои Уставниот суд на Република Македонија има донесено Решение за поведување на постапка за оценување на уставноста на наведените членови да се бришат.

Воедно, од страна на Министерството за правда, Предлог-законот јавно беше објавен и достапен за коментари и мислења од заинтересираните страни и граѓани во Република Македонија на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР) и откако ќе биде подготвен конечен текст на Предлог-законот, ќе биде доставен до Владата на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе одлука за укинување на оспорените членови од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 72/2016 и 142/2016).

**<u>Точка 54</u>**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.135/2016, донесено на седницата, одржана на 16 ноември 2017 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачите на уставната иницијатива, наведуваат дека одредбите од член 28 став (1), член 86 став (1) и член 87 став (1) од Законот за извршување се противуставни, односно обезбедувањето на ексклузивно право на адвокатурата да дава и обезбедува правна помош на граѓаните и правните лица во Законот за извршување е противуставна.

Имено сметаат дека :

- член 28 став (1) од Законот за извршување, кој уредува дека барањето за извршување на извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице;

- член 86 став (1) кој уредува дека приговорот на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога како странка во извршувањето се јавуваат Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице; и

- член 87 став (1) од Законот за извршување, кој уредува дека жалба против решението на Основниот суд кој одлучувал по приговор во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра, до Апелациониот суд задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис освен во случаите кога жалбата ја поднесува извршителот кој преземал извршни дејствија, или кога како странка при извршувањето се јавуваат Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице,

создаваат ексклузивитет за адвокатурата да дава и да обезбедува правна помош на граѓаните и правните лица во постапката за извршување, со што се создавал облик на монополизација во сферата на пружањето и обезбедувањето на правна заштита, спротивно на одредбите на Законот за парнична постапка, кој јасно уредува дека правото на полномошник, е право, а не и обврска, дека адвокатот е само еден од полномошниците, а не исклучив полномошник и сл.

Владата на Република Македонија, како предлагач на законот достави свое мислење во октомври 2016 година, со кое се произнесе по наводите на предлагачите на уставната

иницијатива, при што наводите во Иницијативата беа спорени, бидејќи истите имале за цел обезбедување на поголема правна сигурност на граѓаните и правните лица.
Уставниот суд на Република Македонија, на седницата, одржана на 16.11.2017 година ги ценел аргументите на подносителите на уставната иницијатива, како и на предлагачот на законот, и оценил дека основано е поставувањето на прашањето на уставноста на оспорените членови, со одредбите на член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51, член 54 став 3 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

Согледувајќи го горе наведениот проблем, како и бројните други проблеми на кои укажа примената на Законот за извршување на 3.8.2017 година, Владата на Република Македонија го задолжи Министерството за правда да изготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, заради надминување на проблемите.

Министерството за правда веднаш пристапи кон изменување и дополнување на Законот за извршување, во чие изготвување активно учество како членови на работна група формирана од министерот за правда, имаа сите заинтересирани страни, односно Нотарската комора на Република Македонија, Адвокатската комора на Република Македонија, стопанските комори во Република Македонија, како претставници на стопанствениците во Република Македонија.

Со Нацрт-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се предлагаат и одредби со кои поинаку се регулираат спорните членови. Нацрт-законот јавно беше објавен и достапен за коментари и мислења од заинтересираните страни и граѓани во Република Македонија на ЕНЕР (Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Македонија).

Имајќи го предвид сето напред наведено, а со цел да се избегне креирање на законско решение на спорните членови во периодов пред донесување на Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, кои би биле во колизија со Одлуката на Уставниот суд, Владата на Република Македонија го одложи процесот на дефинирање на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, до донесување на одлуката на Уставниот суд.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе одлука за укинување на оспорените членови од Законот за извршување.

Целисходно е да се донесе Одлука по уставната иницијатива во што е можно пократок рок, со оглед на фактот дека измените на Законот за извршување се составен дел од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 и Акцискиот план кои треба да се почитуваат и законот да се донесе во одредени рокови, кои пак ги следи Европската комисија во правец на оценка на состојбите во Република Македонија во процесот на приближување кон Европската Унија.

<u>**Точка 55**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12477 за КО Сарај КП бр. 11432, викано место/улица Сарај и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 337 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3116 и КП бр. 3117 викано место/улица Главичица и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 57

**1.** Владата го именува Љупчо Јаневски за вршител на должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го именува д-р Аднан Ќахил, министер без ресор за Национален координатор за хемиско оружје.

**3.** Владата го именува Данаил Дончев за вршител на должноста директор Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**4.** Владата го именува Елвин Хасан за вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

**5.** Владата ја именува Живка Ѓуфтева за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје.

**6.** Владата го именува Николче Велјановски за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

**7.** Владата ја именува Ерика Пешкоска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие "Стрежево" - Битола.

**8.** Владата ја именува Јулијана Пенева за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница - Тетово.

**9.** Владата за членови на Управниот одбор -претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“- Битола, ги именува:

- Елизабета Божиновска и
- Весна Грамосли.

**10.** Владата го разреши Панде Богоевски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.

10.1. Владата го именува Раде Христовски за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.

**11.** Владата го разреши Марјан Костадинов од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје, на негово барање.

11.1. Владата го именува Горан Алексов за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје.

**12.** Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија од должноста претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, да ги разреши:

а) од претседател:
- Ирена Брзанова

б) од членови:
- Илче Мушаревски,
- Борче Размоски,
- Влатко Сајкоски,
- Јаготка Ивановска,
- Менсур Зенуни,
- Шериф Мемети,
- Благица Тодорова,
- Дарко Доневски,
- Снежана Филиповска Павлеска и
- Јетмир Лика.

**13.** Владата ја разреши Бистра Ангеловска од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.
13.1. Владата го именува д-р Илбер Бесими за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**14.** Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, ги именува:
- Паула Гилевска и
- Јордан Крцковски.

**15.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, ги именува:

- Татјана Укајдари и
- Калина Кусакатска Горановска

**16.** Владата го разреши Илами Исени од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје, на негово барање.

**17.** Владата ја разреши Јулијана Маркова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Доне Божинов "- Пробиштип, на нејзино барање.

**18.** Владата го разреши Роберт Насков од должноста вршител на должноста член на Комисијата за право на поврат на средства на Агенцијата за филм на Република Македонија, на негово барање.
18.1. Владата го именува Дејан Крајчевски за член на Комисијата за право на поврат на средства на Агенцијата за филм на Република Македонија.

**19.** Владата го разреши Славчо Тодоровски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје, на негово барање.

**20.** Владата на Дритон Небиу, разрешен од должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 3 месеци, за период од 9.1.2018 година до 9.4.2018 година.

**21.** Владата на Зоран Стојчевски разрешен од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, не му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 3 месеци.

**22.** Владата го одложи за наредната седница предлог за именување на директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

**23.** Владата заклучи:

- Се укажува на Управните одбори на јавните претпријатија, агенции, фондови и други органи на државната управа кои именуваат директор/заменик директор да објават огласи и спроведат постапки за нивно именување.

## Точка 58

**1.** Владата ја донесе Одлуката за определување на име на автопатот А1 од граничниот премин Табановце до граничниот премин Богородица (Коридор X), во предложениот текст.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за менување на називот на Аеродромот во Скопје, при што називот на истиот се менува во ,,Меѓународен Аеродром Скопје“, а во транскрипција, испишано на англиски јазик да гласи: „International Airport Skopje“.

**3.** Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, ги информираше членовите на Владата за досегашната реализација/објавување на документи и акти на веб-страниците на институциите и заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање, на својата веб-страница да ги објави Правилникот за заштитено внатрешно пријавување, контакт од лица за заштитено внатрешно пријавување и контакт од офицер за заштита на лични податоци, Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука на своите веб-страници да објават контакт од лица за заштитено внатрешно пријавување, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор на својата веб-страница да ги објави Стратешкиот план, Ревизорскиот извештај и листа на информации од јавен карактер а консолидираните текстови на закони и подзаконски акти кои Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Секретаријатот за европски прашања, ги немаат објавено на своите веб-страници да не се водат како незавршена обврска, бидејќи истите не се предлагачи на закони.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи соодветно на ова да го преименува и граничниот премин на Аеродромот.
**4.** По повод информирањето на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, во однос на работењето и справувањето со кризни појави од страна на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, Владата заклучи:

Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата, за некоја од наредните седници, да достави предлог за формирање на работна група со претставници од Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, други засеганти институции и општинските кризни штабови каде во блиско минато имало кризни состојби, со цел да се подобри операбилноста, функционирањето и надлежностите на двете институции.

**5.** На предлог на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, а во врска со преземените мерки за зголемување на инвестиции во Технолошките индустриски развојни зони, Владата заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, Секторот за односи со јавност при Владата, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија да подготват агенда за презентација на сето тоа што досега е постигнато на овој план и истото да се презентира на јавноста.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 29.1.2018 година до 4.2.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**<u>Точка 59</u>**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2018 година (нов текст), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Комисијата за верските заедници и религиозни групи да гиземе предвид укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за култура и соодветно да ги вгради во Програмата за работа.

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви октомври до 31-ви декември 2017 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 61</u>**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за уредување на плажи на брегот на Охридското, Дојранското и Преспанското Езеро во Република Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи сите понатамошни активности да се димензионираат во согласност со обезбедените средства за оваа намена, а за Охридскиот Регион да се има предвид и препораката од УНЕСКО.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за изградба на пешачки патеки, хортикултурно уредување и осветлување на патеките околу езерата во Република Македонија, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи сите понатамошни активности да се димензионираат во согласност со обезбедените средства за оваа намена, а за Охридскиот регион да се има во предвид и препораката од УНЕСКО.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за усогласеноста на законите со Законот за прекршоците, со Табеларен преглед (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активности во врска со реализација на проектот „Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии“, за период октомври- декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот „Современа литература за секој студент“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, повеќе да не доставува до Владата информации за прогресот на активностите во врска со реализацијата на овој проект.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите (октомври - декември 2017 година), во врска со проектот „Стимулација за упис на техничките факултети“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука повеќе да не доставува до Владата информации за текот и прогресот на активностите во врска со овој проект.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за изменување на Законот за работните односи во насока на кратење или елиминирање на обврската за објава на оглас за вработување, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на центар за деца со аутизам во Скопје, како материјал за информирање

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвени извештаи за примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го одложи разгледувањето на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија поради потребата предлагачот да го усогласи истиот со укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии, Министерството за економија и Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 75**

Владата ја донесе Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со стекнување на степен на кариера на државните службеници и ја усвои со следните заклучоци:
1. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа да изготват преглед на активни и завршени судски предмети покренати од страна на административните службеници за исплата на додаток на степен на кариера и истите да ги достават до Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од десет дена.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа да изготват преглед на парични обврски произлезени од завршени судски предмети за усвоените тужби за исплата на додаток на кариера и да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од десет дена.

3. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа активните предмети да бидат решени по пат на вон судски спогодби со административните службеници во најкраток рок.

4. Се задолжуваат органите на државната управа, а на институциите кои немаат статус на органи на државната управа им се препорачува да не вложуваат правни лекови за досудените предмети по овој основ.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на договор за јавно приватно партнерство (ЈПП) за хемодијализа во Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да ги реализира финансиските обврски за реализација на договорот за јавно приватно партнерство (ЈПП) за хемодијализа во Македонија со прераспределба на финансиски средства во Буџетот на Министерството за здравство за 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ја одобри прераспределба на финансиски средства во Буџетот на Министерството за здравство за 2018 година.

## Точка 78

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за досегашните активности за надминување на проблемот со канцеларискиот простор и депото на Државниот архив (нов текст).

## Точка 79

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с.Драгоманце, Старо Нагоричане (нов текст), имајќи ги предвид одредбите на Законот за заштита на личните податоци, како и извршената консултација меѓу Министерството за економија и Дирекцијата за заштита на личните податоци и ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с.Драгоманце, Старо Нагоричане, во предложениот текст.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |